**С Т О П А Н С К А   Б А Н К А  А Д – С К О П Ј Е**

# О Д Л У К А
## за повторно именување на член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје

**Скопје, Март 2020**

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. Бр.394/19.11.2019 пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје на седницата одржана на 03.2020, ја донесе следната

О Д Л У К А
за повторно именување на член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје

1. Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје повторно го именува Г-дин. Анастасиос Лизос за член на Надзорниот одбор.

2. Мандатот на членот на Надзорниот одбор од член 1 на оваа Одлука ќе трае четири години.

3. Оваа Одлука влегува во сила по добивањето на согласноста од Гувернерот на Народна Банка на Република Северна Македонија за негово повторно именување за член на Назорниот одбор.

С.О.Бр. ____
__.03.2020
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

Претседавач

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во Согласност со Законот за Банки и Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (СБ или Банка), членовите на Надзорниот одбор се именувани од страна на Собранието на акционери на СБ. Мандатот на членовите е утврден на 4 (четврти) години.

Со оваа Одлука се предлага Собранието на акционери повторно да го именува Г-дин. Анастасиос Лизос со пети мандат за член на Надзорниот одбор. Г-дин Лизос, првично беше именуван како член на Надзорниот одбор во Мај 2005 година. Неговиот сегашен мандат истекува во Мај 2020 година. Г-дин Лизос, е назначен на позицијата Директор на Сектор во Меѓународни активности при Националната Банка во Грција.

Имајки го предвид неговото искуство како член на Надзорниот одбор и Одборот за ревизија во Стопанска банка, неговото продлабочено знаење за работењето и корпоративната култура на Банката, како и неговото долгогодишно искуство во областа на ревизијата, се предлага Г-дин Лизос повторно да се именува за член на Надзорниот одбор со уште еден мандат.

Во согласност со Законот за Банки, предложеното именување ќе влезе во сила од моментот на добивањето на релевантната согласност од Гувернерот на Народна Банка на Република Северна Македонија.

Скопје, Јануари 2020 НАДЗОРЕН ОДБОР